Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-3487/1
12.09.2019 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 41- та седница на Советот**
**на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 19.09.2019 година (четврток) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Советнички прашања.
2. Предлог-одлука за дислокација на спомен-бистите на Благој Кирков и Јордан Хаџи Константинов – Џинот.
3. Предлог-одлука за дислокација на спомен-бистата на Панко Брашнаров.
4. Предлог-одлука за утврдување локација за поставување на скулптури од меѓународна скулпторска колонија Велес 2019 година.
5. Предлог-одлука за присоединување на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Велес-Паркинг", Велес кон ЈПССО „Парк-Спорт"Велес.
6. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување потреба за поставување урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање одобрение за поставување урбана опрема.
7. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Велес
8. Предлог-одлука за определување на имиња на улици во село Иванковци.
9. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена заштитно зеленило (ЗЗ) на гробишта (Г) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес.
10. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес.
11. Предлог-решение за формирање на Координативно тело за превземање на активности за ревитализација на опожарениот дел од локалитет Езеро Младост.
12. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Блаже Конески" Велес за учебната 2019/2020 година.
13. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Св. Кирил и Методиј" Велес за учебната 2019/2020 година.
14. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Васил Главинов" Велес за учебната 2019/2020 година.
15. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан"с. Иванковци во учебната 2019/2020 година.

16. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Долно Оризари за учебната 2019/2020 година.
17. Предлог-годишна програма за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2019/2020 година.
18. Предлог-годишна програма за ССОУ „Коле Неделковски“ Велес во учебната 2019/2020 година.
19. Предлог-годишна програма за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес за учебната 2019/2020 година.
20. Предлог-годишна програма за работата на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес во учебната 2019/2020 година.
21. Предлог-годишна-програма за работата на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес во учебната 2019/2020 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ненад Коциќ с.р